Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
144/2008
Датум на објавување:
18.11.08

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 6 став 3 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08) министерот за транспорт и врски донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА КОИ ЌЕ СЕ СМЕТААТ ЗА ДЕЛ ОД ДРЖАВЕН ПАТ КАКО И НИВНОТО ОДРЖУВАЊЕ

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите за определување на улиците во населените места кои се сметаат за дел од државен пат како и нивното одржување.

### Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:
1. „Улица во населено место како дел од државен пат" е дел од државен пат кој поминува низ населено место, (во натамошниот текст: транзитен пат).
2. „Транзитен сообраќај" е процент од просечен годишен дневен сообраќај (ПГДС) кој поминува низ населено место користејќи го транзитниот пат за премин на другата страна од населеното место.

### Член 3

Улиците кои се определени како транзитен пат и кои обезбедуваат континуитет на државниот пат, припаѓаат на истата категорија како и тој пат.

### Член 4

Улиците во населените места кои се определени за дел од државен пат се идентификуваат со нивниот почеток и крај, комплетирани со раскрсница за секоја промена на насока.

Почетните и крајните точки на транзитниот пат се поставуваат на крајните делови од населените места.

### Член 5

Државен пат кој завршува во населено место не се определува како транзитен пат.

### Член 6

За секоја сообраќајна насока, може да се дефинира само еден транзитен пат.

Во случај кога низ населеното место се вкрстуваат повеќе државни патишта, може да се дефинира еден транзитен пат кој ќе одговара за секој од државните патишта.

Продолжувањето на повеќе од еден државен пат може да се обезбеди со истиот транзитен пат, кој се третира како транзитен пат за двата државни пата.

## Член 7

Определувањето на улиците во населените места кои ќе се сметаат за дел од државен пат се врши во согласност со урбанистичкиот план.

Транзитниот пат кој обезбедува континуитет на магистрален пат се определува како магистрална улица.

Транзитниот пат кој обезбедува континуитет на регионален пат се определува како магистрална улица.

Доколку постои само еден пат кој поминува низ населеното место тогаш тој се определува како транзитен пат.

## Член 8

Во случај кога повеќе државни патишта поминуваат низ населено место, критериуми за определување на улиците кои ќе се сметаат како дел од тој државен пат се:
- минималните технички барања;
- континуитетот на патување и
- сообраќајот.

## Член 9

Минималните технички барања од член 8 алинеја 1 од овој правилник се:
- да се обезбеди континуитет/непрекинатост на површинскиот слој на асфалтираните патишта;
- да не биде помалку од 0.5m потесна во однос на целокупната ширина на државните патишта и
- да може да се обезбеди транзитен сообраќај без блокирање/застој.

## Член 10

Барањата за континуитет на патување од член 8 алинеја 2 од овој правилник се:
- да се обезбеди минимално време на поминување и должина низ населено место;
- да се обезбедат најмали можни измени во насока на движење низ населено место и
- за поголеми населени места, транзитниот пат треба да го избегнува центарот на градовите.

## Член 11

Барањата за сообраќај од член 8 алинеја 3 од овој правилник се:
- да биде еден од главните преминувања низ населено место, носејќи висок ПГДС и
- да носи најголем дел од транзитниот сообраќај на можните државни патишта.

## Член 12

Во случај на изградба на обиколница околу населено место која претставува континуитет на државен пат, постоечките транзитни патишта низ тоа населено место се определуваат како општински патишта или улици, а новата обиколница ќе се смета како транзитен пат.

## Член 13

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија‟.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-12482 | Министер |
| 22 октомври 2008 година | за транспорт и врски, |
| Скопје | **Миле Јанакиески,** с.р. |